ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2018 ГОДИНА НА

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
# УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2019 05 5/1

Скопје, февруари 2020

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 11 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 12 |
| Биланс на состојба | 13 |
| Промени во капиталот | 14 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 15 - 17 |
| - Основни сметководствени политики | 17 - 18 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 19 - 23 |

Кратенки користени во извештајот:

УХМР – Управа за хидрометеоролошки работи;
ЗЈН – Закон за јавни набавки.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број: 17-259/1**

**Дата: 05.02.2020**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи (во понатамошниот текст УХМР) на сметката на основниот буџет (637) за 2018 година.

За финансиските извештаи на УХМР за 2018 година ревизијата изрази мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и резултатот на финансиските активности и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2011 година на Управата за хидрометеоролошки работи и изразено е воздржување од давање на мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции изразено е негативно мислење.

Извршена е ревизија на резултатите од спроведувањето на препораките од Конечниот извештај на УХМР за 2012 година бр.34-170/9 од 2012 година, при што констатиравме дека е направен значителен напредок во спроведувањето на препораките, односно спроведени се вкупно 9 (девет) препораки, една препорака не е спроведена и една препорака не може да се спроведе.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2018 година констатирано е:

- недоследности во примена на Упатството за работно време при организирана работа во смени;
- не е воспоставена материјална евиденција на залихите на материјали и резервни делови
- не е спроведен целосен попис на средствата и обврските на крајот на известувачкиот период со состојба 31.12.2018 година;
- спроведени се постапки за јавни набавки во кои не е обезбедено доследно почитување на одредбите на ЗЈН.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведен под број 17 – 141/3 од 20.12.2019 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 13 до 15 заедно со ревизија на усогласеност на УХМР на сметката на основен буџет, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2011 година на Управата за хидрометеоролошки работи и изразено е воздржување од давање на мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции изразено е неповолно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Центарот застапувана од:

- м-р Ивица Тодоровски - вршител на должноста директор од 03.08.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско

известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 20.05.2019 до 13.09.2019 година кај Управа за хидрометеоролошки работи- Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на УХМР за 2012 година бр.34-170/9 од 2012 година. Спроведена е ревизија на резултатите од спроведувањето на препораките и доставен е Преглед за статусот на препораките со Допис бр.34-164/2 од 22.02.2013 година.

Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки, ревизијата констатира дека во најголем дел е постапено или во тек е постапување по дадените препораки.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 18 ноември 2019 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Работното време и времето на доаѓање и заминување од работа, како и начинот на регистрирање и евидентирање на времето поминато на работа во УХМР се уредени со Упатството за работно време во УХМР од 15.01.2010 година.

Со извршената ревизија на начинот на пресметка на платите на вработените констатиравме дека УХМР не постапува согласно членот 4 од Упатството за работното време во делот на организирање на работа во турнус, според кој вработеното лице ја извршува својата работа наизменично во текот на месецот по 12 (дванаесет) часа во циклус (12-24, 12-48 часа).

Организирана е работа во смени со која е дадено право на вработените да работат 24 часа без прекин за што на вработените им се доделуваат одреден број на слободни работни денови. Ваквиот начин на организирање на работното време не обезбедува секогаш одработување на законски потребниот број на работни часови на месечно ниво, додека во одредени месеци кај определен број на вработени се јавуваат вишок на работни часови за што имаат покренато судски постапки за надомест на додаток за прекувремена работа, додаток за работа во неделен одмор, за работа во празник бонус плата за над

150 часа.
Утврдената состојба не е во согласност со наведеното упатство и одредбите на Законот за работните односи и создава ризик при пресметка на платите истите да не се одраз на реално одработено време.

**Препорака**
Раководителот да обезбеди доследно почитување на законските и интерните акти во начинот на организирање на работното време и користењето на слободни денови.

4.1.2. Со извршената ревизија на интерните акт за организација и систематизација на работните места во УХМР во делот на утврдените работни места, потребната квалификациона структура и бројот на извршители, ревизијата утврди одредени состојби и тоа:

- За одредени работни места е утврдено ниво на образование кое создава ризик од прием на кадар со несоодветно образование и истиот нема да биде квалификуван да одговори на работните цели и задачи поврзани со извршување на основната дејност на УХР;
- извршени се вработувања на лица кои не поседуваат соодветно образование утврдено во актот за систематизација на работните места на УХМР.

Утврдените состојби не се во согласност со Законот за административни службеници, Правилникот за систематизација од 12.08.2015 година на УХМР и создава ризик во УХМР да се вработуваат лица кои не поседуваат соодветно образование потребно за остварување на дејноста на УХМР.

**Препорака**
Раководителот на УХМР да преземе активности за изменување и донесување на актите за организација и систематизација на работни места, во делот на посебните услови – нивно допрецизирање што ќе придонесе за подобра кадровска екипираност.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1. Со извршената ревизија на сметководствената и материјалната евиденција за прием, складирање и издавање на залихи на материјали, и воспоставените контроли и нивното функционирање во овој процес го констатиравме следново:

- Во деловните книги на УХМР на 31.12.2018 година искажана е состојба во износ од 8.279 илјади денари која се однесува на набавка, прием и издавање

на залиха на материјали и резервни делови. Со извршениот увид во приложената документација и вонредниот попис спроведен во текот на ревизијата констатиравме дека дел од залихите во износ од 5.131 илјади денари се однесуваат на потрошени противградобијни ракети чие пуштање во употреба не било сметководствено евидентирано во минатите години. Наведената констатација е прифатена во текот на ревизијата и извршена е корекција во сметководствената евиденција. За останатиот дел од залихите на материјали и резервни делови во износ од 3.148 илјади денари на ревизијата не и се презентирани соодветни докази за потврдување на состојбата.

- Не е воспоставена материјална евиденција на залихите на материјали и резервни делови;
- Состојбата на залихата на материјали и резервни делови на ден 01.01.2018 година е прикажана во помал износ за 341 илјада денари во однос на состојбата утврдена со попис на ден 31.12.2017 година.
- Во сметководствената евиденција не се евидентира потрошокот на материјалите при нивното издавање, туку истото се врши за период од 4 месеци или 12 месеци, поради што не е воспоставено ажурно усогласување на состојбите на залиха на материјали и резервни делови во организационите единици со состојбата во сметководствена евиденција.

Утврдените состојби не се во согласност со член 2, член 6 став 2 и член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, и влијае на реалноста и објективноста на финансиските извештаи.

**Препораки**

Одговорните лица кои се вклучени во процесот на нарачка, прием, складирање, издавање и сметководствено евидентирање на залихите во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:

- Да се обезбеди ажурно евидентирање на состојбата и движењето на залихите на материјали и резервни делови врз основа на веродостојни и уредни сметководствени документи.
- Да се воспостави материјална евиденција на залихи на материјали и резервни делови.

4.2.2. Со извршениот увид во сметководствената евиденција на УХМР поврзана со постојаните средства, нивното документирање, како и увид во пописните листи со состојба на ден 31 декември 2018 година, ревизијата ги констатира следните состојби:

- До денот на ревизијата не е извршено сметководствено евидентирање на дел од недвижен имот, од причини што постапката за регулирање на правен статус и постапка за легализација на недвижен имот е во тек;
- Од страна на пописната комисија извршен е увид во недвижниот имот на УХМР, податоците за градежните објекти се внесени во пописните листи, но без сметководствена вредност за одделни градежни објекти;

- Пописна комисија во пописните листи утврдила кусок на 29 (дваесет и девет) парчиња на опрема (лап топ компјутери, телевизори, дигитални апарати и друго) со сегашна вредност од 46 илјади денари, без при тоа во извештајот од попис да ги наведат утврдените кусоци, додека од страна на одговорното лице не се преземени мерки за утврдување на одговорноста на лицата за настанатите кусоци и надомест на штета.

Утврдените состојби не се во согласност со член 31 и 32 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и имаат влијание на реално и објективно изготвување на финансиските извештаи.

**Препораки**

- Одговорните лица во УХМР по целосно завршување на постапка за обезбедување веродостојни документи за вредноста на недвижен имот, да извршат сметководствено евидентирање на недвижен имот;
- Одговорните лица на УХМР врз основа на извештајот од попис за утврдените кусоци да преземат соодветни мерки за утврдување на одговорноста на вработените за настанатите кусоци и надомест на штета.

**4.3. Користење на средствата согласно законски прописи**

4.3.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2018 година, извршивме ревизија на 14 постапки за јавни набавки, со доделени договори на износ од 8.459 илјади денари или 83% од вкупниот износ на доделени договори, при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на ЗЈН, поради следново:

- Спроведена е постапка за јавна набавка на интернет услуги и доделен е договор со вредност од 1.416 илјади денари. Предмет на набавка се три пакети на интернет услуги кои ги опфаќаат потребите на централната служба и метеоролошките станици ширум републиката. Во техничката спецификација утврдена е максимално дозволена цена на пакет но истата не била предмет на електронска аукција, односно предмет на електронска аукција била цената на еден гигабајт по надминувањето на вклучениот интернет сообраќај во пакетите.

  Поради начинот на кој е определен предметот на електронска аукција, два економските оператори поднеле идентични понуди во висина од 0,01 денар што технички оневозможило да се спроведе електронска аукција. Горенаведеното придонело договорот за јавна набавка да се додели на економскиот оператор кој прв ја поднел понудата, а цената на интернет пакетите воопшто не се намалила. Начинот на кој што е спроведена постапката создава ризик да не се обезбеди рационално и ефикасно искористување на средствата што не е во согласност со член 2 од Законот за јавните набавки.

- Спроведена е постапка за набавка на резервни делови за автоматски метеоролошки станици и доделен е договор во износ од 900 илјади денари. И покрај тоа што вредноста на договорот е во рамки на неговата проценета вредност, истиот е доделен врз основа на конечна понуда поднесена преку ЕСЈН која била повисока за 300 илјади денари од проценетата вредност на набавката. Со извршениот увид во досието на постапката ревизијата констатира дека УХМР не ја изменила Одлуката за јавна набавка и не дообезбедила средства потребни за набавката, а од друга страна не ја оценила понудата како несоодветна и не ја поништила постапката. Горенаведеното не е во согласност со член 28 став 4 и член 169 став 1 алинеја 3 од Законот за јавни набавки и придонело вкупната цена на единечните цени на стоките предмет на набавка да не соодветствува со вредноста на доделениот договор за јавна набавка.
- Спроведена е постапка за јавна набавка на услуги за одржување и поправка на службените возила со кои располага УХМР и доделени се договори во износ од 590 илјади денари и исплатени средства во вкупен износ од 195 илјади денари. Составен дел на склучените договори е и техничка спецификација во која се предвидува дека замена на дел кој не е предвиден со истата ќе се врши по претходна согласност на договорниот орган и по малопродажна цена во Република Македонија. Со извршениот увид во начинот на реализација на склучените договори, констатиравме дека доставените фактури содржат голем број на резервни делови кои не се предвидени во техничката спецификација за кои ревизијата не беше во можност да потврди дека истите се фактурираат согласно малопродажните цени.

Воспоставениот начин на постапување при спроведувањето на дел од постапките за јавна набавка создава ризик за несоодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, и можност за неефикасно и нерационално користење на буџетски средства.

**Препорака**

Одговорните лица во УХМР кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:

- Електронска аукција да се спроведува за предметот на набавката утврден во техничките спецификации;
- Во случај кога конечната понуда не е во рамки на проценетата вредност на набавката да се дообезбедат средства и да се измени Одлуката за јавна набавка со цел вкупната вредност на единечните цени во техничката и финансиската понуда да соодветствува со вредноста на доделениот договор. Доколку не се обезбедат средства за реализација на набавката да се пристапи кон нејзино поништување;

- При набавка на резервни делови да се предвидат во што е можно поголем број со цел да се избегнат набавки кои не се предвидени со техничка спецификација.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките од 4.1. до 4.3. кои се основ за изразување на мислење се :

- нецелосно спроведениот попис на средствата и обврските;
- нереално искажани залихи на материјали;
- не е воспоставена материјална евиденција на залихите на материјали и резервни делови;
- недоследности при доделувањето на договорите за ЈН.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Управа за хидрометеоролошки работи-Скопје на ден 31.12.2018 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Управа за хидрометеоролошки работи- Скопје, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Останати прашања

6.1. Во текот на ревизијата со налог број.4/12-19 од 06.09.2019 година извршена е корекција на позицијата Залихи на материјали и Останат капитал, односно се изврши намалување на активата и пасивата во Билансот на состојба за 5.131 илјади денари, за вредноста на потрошени противградобијни ракети од минатите години.

**Сметка на основен буџет (637)**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 93.622 | 91.093 |
| **Вкупно приходи** | | **93.622** | **91.093** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 69.649 | 71.464 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 23.213 | 19.306 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **92.862** | **90.770** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 760 | 323 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **760** | **323** |
| **Вкупно расходи** | | **93.622** | **91.093** |

**Управа за хидрометеоролошки работи**

**Сметка на основен буџет (637)**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 40 | 57 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 11.483 | 15.339 |
| Залихи | 4.1.3. | 3.148 | 8.870 |
| **Вкупно тековни средства** | | **14.671** | **24.266** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 597 | 510 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 87.012 | 90.814 |
| **Вкупно постојани средства** | | **87.609** | **91.324** |
| **Вкупна актива** | | **102.280** | **115.590** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 5.751 | 9.405 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 43 | 56 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 31 | 5 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 5.698 | 5.930 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **11.523** | **15.396** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 90.757 | 100.194 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **90.757** | **100.194** |
| **Вкупна пасива** | | **102.280** | **115.590** |